**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**

03-2184/1
01.09.2010

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002 и 82/2008), а во врска со Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2003, 121/2006, 158/2007, 64/2009 и 119/2009, 81/2010) , Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, на ден 01.09.2010 донесе

# ПРАВИЛНИК

## за користење на службен мобилен телефон

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се определуваат корисниците на службен мобилен телефон во Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија, начинот на задолжување и користење на службен мобилен телефон и ПИМ картичка, ограничувањата на сметката за користење на службен мобилен телефон, како и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето утврдено со овој Правилник.

### Член 2

Службен мобилен телефон во смисла на овој Правилник е мобилен телефонски апарат и/или претплатнички идентификационен модул (во понатамошниот текст: ПИМ картичка на кој е придружен мобилен телефонски број).

## II. КОРИСНИЦИ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СМЕТКАТА

**Член 3**

Право на користење на службен мобилен телефон се утврдува со посебно Решение за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и ограничување на износот на сметката, во кое утврдува и ограничувањето на сметката до месечно определениот износ. Правото на користење, согласно на одредбите од овој Правилник се утврдуваат за:

| | |
|---|---|
| - државен секретар | 1.860,00 денари |
| - државен советник | 1.180,00 денари |
| - раководител на сектор | 780,00 денари |
| - помошник раководител на сектор | 590,00 денари |
| - раководител на одделение | 560,00 денари |
| - советник | 350,00 денари |
| - виш соработник | 310,00 денари |
| - соработник | 275,00 денари |
| - помлад соработник | 230,00 денари |
| - самостоен референт | 200,00 денари |
| - виш референт | 200,00 денари |
| - референт | 155.00 денари |
| - помлад референт | 155,00 денари |
| - В.Д. раководител | 350,00 денари |
| - административен помошник во кабинетот /обезбедување и возач | 350,00 денари |
| - координатор на поглавје | 350,00 денари |

Службен мобилен телефон со месечно ограничување на износот на сметката, можат да користат и други ангажирани лица, во Секретаријатот за европски прашања, со Решение за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и ограничување на износот на сметката, кое го донесува Државниот секретар, и тоа:

- службеници од други органи на управата кои се определени да вршат работи за потребите на Секретаријатот, во зависност од нивното звање и работно место, со ограничување на висината на сметките наведени во ставот 1 на овој член;
- други лица ангажирани преку агенциите за привремено вработување, во зависност од нивното звање и работното место, со ограничување на висината на сметките за 20% помалку од утврденото ограничување на висината на сметките наведени во ставот 1 на овој член;
- други лица кои поради службени потреби привремено извршуваат работни задачи за потребите на Секретаријатот за европски прашања, со ограничување на висината на сметките, определена со Решение за користење на службен мобилен телефон;
- лица ангажирани на проекти, вклучително и домашни и странски експерти со ограничување на висината на сметките до 0 денари, односно со обврска за подмирување на висината на сметката од сопствени извори на финансирање.

Во износите содржани во ставовите 1 и 2 од овој член не се пресметани месечната претплата, данокот на додадена вредност и користењето на основните опции кои ги нуди мобилниот оператор

**Член 4**

На државните службеници кои се упатени за работа во Мисијата на Република Македонија при Европските заедници во Брисел, со Решение на Државниот секретар им се определува месечен паушал за користење на приватен мобилен телефон на оператор во Белгија за службени цели во висина од 27 евра.

**Член 5**

Ограничувањето на висината на износот на набавката на службени мобилни телефонски апарати за корисниците од членот 3 на овој Правилник е следнава:

| | |
|---|---|
| - за државниот секретар | 20.000,00 денари |
| - за државен советник | 13.000,00 денари |
| - за раководител на сектор | 9.000,00 денари |
| - за помошник раководител на сектор, раководител на одделение | 7.000,00 денари |

Во износите во ставот 1 се вклучени и дополнителните погодности одобрени од страна на мобилниот оператор со кој Владата на Република Македонија има склучено договор за користење на одреден тарифен модел.

**Член 6**

По исклучок од член 3 став 1 и 2 на овој правилник, може да се признаваат поголеми износи на сметки на службен мобилен телефон доколку корисникот на службен мобилен телефон:

- е во странство;
- има повици од странство;
- има зголемен обем на работа.

Надминувањето на поголемиот износ на секоја месечна сметка на службениот мобилен телефон се одобрува, со посебно Решение за признавање поголем износ на сметка на службен мобилен телефон, согласно став 1 од овој член од страна на Државниот секретар.

**Член 7**

Одделението за сметководство и плаќања во Секторот за финансиски прашања на месечно ниво врши проверка на износот на сметките на корисниците на службен мобилен телефон и изготвува листа на корисници кои го надминале ограничувањето на висината на сметката.

Во случај на надминување на ограничувањето на висината на сметката, надминатата сума се одбива од личниот доход на корисникот на службен мобилен телефон, врз основа на посебно Решение за задолжување и враќање на пречекорениот износ при користење службен мобилен телефон, кое го донесува Државниот секретар.

## III. ЗАДОЛЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕН МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН

**Член 8**

Набавување на мобилни телефонски апарати и склучување на договори за користење на мобилни телефонски броеви со мобилните оператори во Република Македонија врши Секторот за финансиски прашања.

## Член 9

Корисниците од член 3 на овој правилник стекнуваат право на користење на службен мобилен телефон во рок од 7 дена од денот на приемот на Решение за определување на правото за користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.

Корисниците потпишуваат и Изјава дека се согласни во случај на пречекорување на ограничувањето на сметката за користење службен мобилен телефон утврдено со овој Правилник, разликата од утврденото ограничување на износот на сметката да му биде задржана од неговиот личен доход.

Изјавата од став 2 на овој член се предава и чува во Секторот за финансиски прашања.

## Член 10

Врз основа на издадено Решение за определување на правото за користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката, задолжено лице во Секторот за општи и правни работи, на корисникот му предава во употреба мобилен телефонски апарат и/или ПИМ картичка, за што издава реверс/и за задолжување на мобилен телефонски апарат и/или ПИМ картичка.

Реверсот за задолжување на мобилен телефонски апарат содржи податоци за: име, презиме, работно место, и организационен облик во кој корисникот работи, датум на задолжување на мобилниот телефонски апарат, потпис на корисникот и потпис на овластениот работник кој го предава телефонски апарат и/или ПИМ картичката, со претходно одобрение од Раководител на Сектор за општи и правни работи.

## Член 11

Службените мобилни телефони потребно е да се користат совесно и рационално, само за службени разговори и преку нив не е дозволено да се пренесуваат информации и податоци кои претставуваат класифицирани информации согласно Законот за класифицирани информации (Службен весник на РМ бр. 09/2004) .

Во случај на несовесно и нерационално користење на службениот мобилен телефон од страна на корисникот, Државниот секретар со посебно Решение го одзема правото на користење на службен мобилен телефон.

За повторното активирање, односно определување на правото на користење на службен мобилен телефон, по претходно поднесено барање од државниот службеник на кој му било одземено правото на користење на службен мобилен телефон одлучува Државниот секретар.

**Член 12**

При распоредување на корисникот на службен мобилен телефон на друго работно место, односно при престанок на работниот однос, потребно е во рок од три дена од денот на приемот на решението за распоредување, односно за престанок на работниот однос, корисникот да го врати мобилниот телефонски апарат и/или ПИМ картичката во Секторот за општи и правни работи.

Одделението за развој и управување на човечки ресурси е должно навремено да го извести Секторот за општи и правни работи за секое распоредување на друго работно место или престанок на работен однос на корисник на службен мобилен телефон.

За извршеното примопредавање од став 1 на овој член, овластениот вработен во Секторот за општи и правни работи издава „Повратница по реверс", која се доставува до корисникот и Секторот за општи и правни работи.

Во случај, кога Корисникот го изгубил или на друг начин констатира дека службениот мобилен телефон му исчезнал, должен е веднаш да ја блокира ПИМ картичка кај мобилниот оператор и истата да ја стави надвор од употреба, да поднесе писмена Изјава за конкретниот случај до Секретаријатот за европски прашања како и да приложи Записник од МВР дека случајот е соодветно пријавен.

Корисникот на службениот мобилен телефон е должен е да ги надомести сите трошоци, односно да го обесштети Секретаријатот за европски прашања за штетата што ја предизвикал поради не постапување согласно став 4 од овој член.

**Член 13**

Постапувањето спротивно на одредбите на овој Правилник од страна на корисниците на службен мобилен телефон ќе повлече дисциплинска одговорност согласно Законот за државни службеници.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Овој правилник стапува во сила и истиот ќе се применува од денот на неговото донесување.

**Член 15**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за користење службен мобилен телефон (бр.03-1384/1 од 30.06.2006 година, бр.03-1384/2 од 24.11.2006 година, бр.03-1384/3 од 12.12.2006 година, бр.03-2543/1 од 26.12.2008 година, бр.03-1300/1 од 29.04.2009 година, бр.03-1300/3 од 23.11.2009 година, бр.03-1300/4 од 16.12.2009 година, бр. 03-658/1 од 16.02.2010 година и бр. 03-658/2 од 08.03.2010 година),

**Д-р Васко Наумовски**

**Заменик на претседателот на Владата**

**задолжен за европски прашања**

Доставено до:
- Архива
- Сите вработени

Подговил: Драган Лазаров
Конторлирал: Љубиша Стефаноски
Одобрил; Јован Андоновски